**20081613318**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 2008 година.

Бр. 07-5651/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 1

Во Законот за волонтерство ("Службен весник на Република Македонија“ број 85/2007), во членот 6 став 1 алинеја 3 сврзникот “и” се брише.

Во алинејата 4 точката се брише и се додава сврзникот “и”.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

“- единица на локалната самоуправа и градот Скопје.“

Член 2

Во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

“Надоместокот на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето се исплатува најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, а трошоците за службени патувања и трошоците за обука, се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.“

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2009 година.